Коалиција сексуални и здравствени права
на маргинализирани заедници
МАРГИНИ
Бр 01-04/02
22.01 2021 год.
СКОПЈЕ

36

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: 25-01-2021 | | |
|---|---|---|
| Орг. ед. / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë |
| 09- | 4/1 | - |

# Влада на Република Северна Македонија
## - ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници „Маргини“ - Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Психо-социјална помош на трансродовите лица за време на КОВИД-19

(Име на проектот)

Скопје, 22. 01. 2021година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-20/399 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници „Маргини“ - Скопје |
| Наслов на проектот | Психо-социјална помош на трансродовите лица за време на КОВИД-19 |
| Период на спроведување на проектот | Од 20.06.2020 година до 15.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Елена Петровска |
| Проектен менаџер | Лила Милиќ |
| Телефон и е-пошта за контакт | 075/207-187 elena.coalition@gmail.com |
| Цел на проектот | Подобрување на егзистенцијалните услови, на физичкото и на менталното здравје на трансродовите лица за време на КОВИД – 19 кризата |
| Целна група | Трансродови лица и нивните семејства кои се погодени од КОВИД-19 пандемијата |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | На територија на Република Северна Македонија, односно во Скопје, Струмица, Свети Николе, Прилеп и Крива Паланка |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 810.000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 779.167,00 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Со оглед на тоа што голем дел од транс заедницата беше тешко погодена од КОВИД-19 пандемијата и многумина ги изгубија дневните приходи кои им овозможуваа пристап до основни продукти за прехрана, најважно беше да се обезбедат и дистрибуираат пакети со основни прехранбени продукти до оние лица и членови на нивните семејства, кои не беа во можност да обезбедат храна на дневна основа. Дополнително, со оглед на тоа што овие лица имаат отежнат пристап до здравствени услуги и информации за тоа како да се заштитат од вирусот, сметавме дека е неопходно да се подготват пакети со хигиенски производи, односно гелови или течности за дезинфекција на раце, заштитни маски, витамински суплементи, како и производи за чистење и дезинфекција на површини кои верувавме дека значително ќе допринесат за спречување на ширењето на епидемијата помеѓу оваа популација. Покрај помошта на трансродните лица во форма на пакети со прехранбени продукти и средства за дезинфекција и заштита, на проектот хонорарно беа ангажирани и неколку лица од самата заедница односно членови на ТрансФорма, со цел да можат да обезбедат средства за себе во текот на траењето на проектот но и да стекнат одредени вештини. На таков начин со проектот опфативме поголем дел од трансродните лица.
Понатаму, беше напишан, дизајниран, испечатен и дистрибуиран едукативен материјал до членови од заедницата преку кој имаа можност да се запознаат со начините како да се заштитат од КОВИД 19 вирусот, како и за ризичните однесувања со препораки како да ги избегнат истите. Конечно, сметавме дека е неопходно да се пружи и психолошка помош бидејќи дојдовме до сознание дека има лица кои имаат проблеми со менталното здравје како последица на пандемијата, како и социјална поддршка од социјален

работник кој би им овозможил на лицата полесен пристап до информации и помош во припремата на документи за искористување на мерките од Владата за справување со здравствената криза. Оваа помош беше особено значајно да се обезбеди со оглед на тоа што дел од трансродните лица живеат во семејства и во средина каде не се прифатени и се под секојдневен ризик на насилство. Јавноста беше информирана за проектот преку дигитални промотивни картички. Заедницата исто така беше информирана за постоечките услуги преку креирање и објава на дигитална промотивна картичка на социјалните медиуми.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1.1 Обезбедување на прехрамбени пакети | Во периодот на известување набавени се и дистрибуираним пакети со прехрамбени производи на територија на Република Северна Македонија односно во: Скопје, Струмица, Свети Николе, Прилеп и Крива Паланка | 01.07 – 15.12.2020 год | 24 трансродови лица биле обезбедени со 150 прехранбени пакети во период од месец Јули до Декември 2020 год |
| 1.2 Обезбедување на хигиенски производи и витамини | Во периодот на известување набавени се и дистрибуирани пакети со хигиенски производи и витамини на територија на Република Северна Македонија односно во: Скопје, Струмица, Свети Николе, Прилеп и Крива Паланка | 01.07 – 15.12.2020 год | 24 трансродови лица биле обезбедени со 150 пакети со хигиенски производи и витамини во период од месец Јули до Декември 2020 год |
| 2.1 Принтање на едукативни брошури | Креирани, дизајнирани и испринтани - 4 различни типа на брошури наменети за подигнување на свеста и знаењето на трансродовите лица за различни аспекти на КОВИД 19. Ангажирани беа 4 лица од трансродовата заедница за изработка на брошурите. Од секој тип на брошура испринтани се по 40 примероци. | 09.2020 | 160 брошури се дистрибуирани и заедницата е запознаена во однос на препораки за заштита од КОВИД 19, психо-социјална помош на трансродови лица за време на ковид-19, човекови права во време на пандемија, и во однос на сексуалното и репродуктивното здравје наменето за трансродови лица во време на ковид-19 |
| 3.1 Психолошко советување | Ангажиран психотерапевт кој беше достапен за лица од заедницата кои се соочуваа со проблеми поврзани со менталното здравје како последица од новонастанатата состојба од КОВИД-19 пандемијата | 01.08. 2020 - 15. 12. 2020 | Одржани 20 сесии за психотерапија за лица кои побарале помош. |
| 3.2 Социјални услуги и поддршка | Ангажиран социјален работник кој им помагаше на засегнатита за прибирање, пополнување и поднесување документација со која лицата би можеле да се пријават со цел да добијат | 01.08. 2020 - 15. 12. 2020 | Дадени се 28 услуги на лица кои имале потреба од истите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | социјална помош, здравствено осигурување со што би имале пристап и до здравствени услуги. | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во месец јули, заради подоцно добивање на понуди од добавувачи за прехрамбени производи, како и процесот на избор на соодветен понудувач/добавувач на хигиенски производи и витамини, се пролонгира набавката на истите. Но тоа се реши со тоа што се поделија сите пакети за тековниот месец во почетокот на месец август, така што немаше влијание на проектираните резултати од проектот. Месец Јули беше искористен за коодринирање на ангажираните теренски работници како и мапирање на лицата кои ќе бидат корисници на помошта од овој проект. Со цел запазување на законска процедура за избор на психолог, како и потоа избор на најсоодветен профил за извршување на овие ангажмани согласно критериумите кои ни беа потребни, лицето беше ангажирано во месец август. Тоа воопшто не влијаеше на целите и резултатите на проектот поради тоа што се работи за група на граѓани кои веќе ги имавме мапирано и беа известени дека наскоро ќе имаат можност да ги користат овие услуги. Согласно трошењето на буџетските ставки, имаме остаток на финансиски средства од одредени ставки кои согласно Договорот за проектот ќе бидат вратени до донаторот.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Креирана дигитална картичка за промоција на услугите за психо-социјална помош за трансродовите лица. Промовирана на социјалните медиуми, односно на фејсбук страниците на иницијативата ТрансФорма и организацијата Коалиција Маргини, како и на инстаграм профилот на Коалицијата и партнерски организации | | 1 | 4 |
| Креирана промотивна дигитална картичка за промовирање на услугите од проектот на социјалните медиуми, наменета за трансродните лица | | 1 | 4 |
| ТрансФормаА изработи 4 брошури преку проектот „Психо-социјала помош на трансродовите лица во Р. Северна Македонија | | 160 | / |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Од спроведените проектни активности успеавме делумно да ги ублажиме негативните последици од КОВИД-19 пандемијата врз дел од трансродовата заедница, меѓутоа ефектите не можат да бидат долгорочни со оглед на тоа што кризната ситуација трае предолго и непредвидливо е кога ќе заврши. Токму поради ова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници „Маргини" – Скопје во постојана соработка со Инијацивата ТрансФормА смета дека е неопходно континуирано да се нуди ваква поддршка. Земајќи го ова предвид како и целиот социо-економски контекст во кој што живеат транс лицата кај нас, цениме дека е нужно Владата да обезбедува континуирана поддршка преку вклучување на оваа маргинализирана заедница во посебно креираните мерки за справување со Ковид 19 кризата. Коалиција Маргини и понатаму ќе ја поддржува оваа неформална група преку соработка со регионални и

странски донатори но исто така и ќе предлага решенија како би и се помогнало на транс заедницата кај нас.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| I. Човечки ресурси | 122.400 | 122.399 | остаток 1 мкд |
| II. Оперативни трошоци | 160.500 | 139.503 | остаток 20.997 мкд |
| III. Директни трошоци | 527.100 | 517.265 | остаток 9.835 мкд |
| Вкупни трошоци (I+II+III) | 810.000 | 779.167 | остаток 30.833 мкд |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Договори
Фактури
Изводи
Барања за прибирање на понуди
Добиени понуди од добавувачи
Одлуки
Извештаи
Финансиски извештај
Сметки

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 22.01. 2021 год. — Ирена Цветковиќ, Извршна директорка

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници
МАРГИНИ
Бр 01-04/02
22.01.2021 год.
СКОПЈЕ

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | **Коалиција МАРГИНИ** | | | |
| Наслов на проектот | **Психо-социјална помош на трансродовите лица за време на КОВИД-19** | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 810.000,00 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 810.000,00 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | |
| Координатор на проект | 40200 | 40.200 | 0 | 0% |
| Теренски работници 2 лица | 42000 | 42.000 | 0 | 0% |
| Финансиии и администрација | 40200 | 40.199 | 1 | 0% |
| Вкупно за I | 122.400 | 122.399 | 1 | 0% |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | | | | |
| Патни трошоци на месечно ниво | 18.000 | 13.330 | 4.670 | 26% |
| Канцелариски трошоци | 2.100 | 120 | 1.980 | 94% |
| Банкарски трошоци | 3.000 | 942 | 2.058 | 69% |
| Услуги | | | | |
| 3.1. Хонорар за Психотерапевт | 60.000 | 50.000 | 10.000 | 17% |
| 3.2. Хонорар за Социјален работник | 45.000 | 45.000 | 0 | 0% |
| Хонорар за Автори на брошури | 12.000 | 12.000 | 0 | 0% |
| Хонорар за Лектура на брошури | 2.400 | 1.013 | 1.387 | 58% |
| Хонорар за Дизајн на брошури | 12.000 | 12.000 | 0 | 0% |
| Информации и комуникација | | | | |
| Кредит за припејд број за теренска работа | 5.400 | 4.500 | 900 | 17% |
| Припејд број за теренска работа | 600 | 598 | 2 | 0% |
| Вкупно за II | 160.500 | 139.503 | 20.997 | 13% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 1.1. ...Обезбедување на прехрамбени пакети | 450.000 | 449.400 | 600 | 0% |
| Активност 1.2. ...Обезбедување на хигиенски производи и витамини | 62.700 | 62.465 | 235 | 0% |
| Активност 2.1. Принтање на едукативна брошура | 14.400 | 5.400 | 9.000 | 63% |
| Вкупно за III | **527.100** | 517.265 | 9.835 | **2%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **810.000** | 779.167 | 30.833 | **4%** |

МАРГИНИ